ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02 - 1766/2
Прилеп 05.10.2022 год.

Врз основа на член 393 од ЗТД став 1 и член 50 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп, Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп на седницата одржана на 05.10.2022година година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
За избор на верификациона комисија

I

За членови на верификационата комисија Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп се избираат:

1. Петар Ристески
2. Александра Колчакоска
3. Љупчо Бабаноски

II

Задача на верификационата комисија е да го утврди вкупниот број на акции со право на глас присутни на седницата на акционери согласно книгата на акционери издадена од ЦДХВ како и да го утврди кворумот потребен за работа на Собранието за донесување на полноважни одлуки.

III

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

Претседавач
на Собрание на акционери
Зоран Трајкоски

„Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7

Д-но:
Претседавач на Собрание
Именуваните
Правен референт-супервизор
Архива

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02 - 1766/3
Прилеп 05.10.2022 год.

Врз основа на член 400 став 1 од ЗТД и член 64 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп, Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп на Седницата одржана на 05.10.2022 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За избор на бројач на гласови

I

За бројач на гласови за оваа Седница се избира лицето Горанчо Лазовски .

II

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

Претседавач
на Собрание на акционери
Зоран Трајкоски

„Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7

Д-но
Претседавач на Собрание на акционери
Именованиот
Правен референт-супервизор
Архива

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02 - 1766/4
Прилеп 05.10 2022 год.

Врз основа на член 395 ст 2 од ЗТД и член 50 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп на седницата одржана на ден 05.10.2022г. ја донесе следната :

# О Д Л У К А

За избор на претседавач на Собрание

член 1

За Претседавач на Собранието на акционери се избира лицето Зоран Трајкоски.

член 2

Мандатот на Претседавачот на Собранието трае до изборот на Претседавач до наредното Годишно Собрание на акционери.

Претседавач
на Собрание на Акционери
Зоран Трајкоски

"Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7

Д-но:
Претседавач на Собрание
Правен референт-супервизор
Архива

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02 - 1766/5
Прилеп 05.10.2022 год.

Врз основа на чл.456 т.4 од Законот за трговски друштва и член 109 став 3 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп со седиште на ул.Прилепски Бранители бр.85 Прилеп, со ЕМБС 4018117, Собранието на акционери на Тутунски Комбинат АД Прилеп (во понатамошен текст: Друштвото) на седницата одржана на ден 05.10.2022 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за задолжување на Друштвото, склучување на Договор за отстапување на побарувања и обезбедување со меници

1.Се дава согласност Друштвото Тутунски Комбинат АД Прилеп да се задолжи врз основа на Договор за одобрување на долгорочен кредит на износ од ДЕН. 123.000.000,00, со рок на отплата до 17.07.2024 година, склучен помеѓу Комерцијална Банка АД Скопје како доверител и Друштвото како корисник-должник заведен кај доверителот под бр.08-2102-2/529 од 25.08.2022, под услови и рокови утврдени во цитираниот Договор.

2.Се дава согласност заради обезбедување на Договорот цитиран во точка 1 од оваа Одлука, Друштвото да издаде 1 (една) бланко сопствена акцептирана меница со менична изјава- согласност Банката да ја пополни и употреби за наплата на своите побарувања без протест, утврдена со Нотарски акт и клаузула за извршност-трасирана и акцептирана од Друштвото Тутунски Комбинат АД Прилеп.

3. Се дава согласност Друштвото да склучи Договор за отстапување на идно побарување по основ на дивиденда со својство на извршна исправа помеѓу Банката, Тутунски Комбинат АД Прилеп и Филип Морис ТКП ДОО Скопје врз основа на кој дел од дивидендата која Друштвото ја остварува како добивка од работењето на Друштвото за производство и трговија со тутунски производи ФИЛИП МОРИС ТУТУНСКИ КОМБИНАТ ПРИЛЕП ДОО Скопје да се користи за отплата на обврските кои произлегуваат од Договорот за кредит цитиран во точка 1 од оваа одлука и тоа во висина од доспеаната рата.
Се овластува Генералниот извршен директор на Тутунски Комбинат АД Прилеп во име и за сметка на Друштвото да го склучи и потпише Договорот за отстапување на идно побарување по основ на дивиденда со својство на извршна исправа помеѓу Банката, Тутунски Комбинат АД Прилеп и Филип Морис ТКП ДОО Скопје и да потпише посебна Изјава за согласност дел од дивидендата да се користи за отплата на обврските од кредитот цитиран во т. 1 од оваа Одлука.

4.Се дава согласност по стекнување на правна можност за засновање на заложно право врз опрема Друштвото да склучи Договор за залог на подвижен имот и да воспостави заложно право во корист на Комерцијална Банка АД Скопје веднаш откако ќе се стекне со документација за сопственост за опремата која ќе се набави и купи со средства од цитираниот кредит во точка 1 од оваа Одлука со податоци и индикации за опремата кои постојат или дополнително ќе бидат дефинирани како следи:

- Топлинско/ладилна постројка со нов топлински и ладилен извор со модернизирање на дистрибуција и кондиционирање на воздух во клима коморите за производствените погони во Фабрика Цигарна во склоп на Тутунски Комбинат АД Прилеп во количини, називи, модели и фабрички броеви како во документацијата за набавка
- Фотоволтаици кои ќе се поставаат на кров на деловни згради – Комплекс Тутунски Комбинат АД Прилеп во количини, називи, модели и фабрички броеви како во документацијата за набавка.

Се овластува Генералниот извршен директор на Тутунски Комбинат АД Прилеп во име и за сметка на Друштвото да склучи и потпише Договор за залог на подвижни

предмети за оваа опрема и на барање на Комерцијална банка АД Скопје, Одборот на директори на Друштвото да донесе одлука за заложување со точна спецификација и опис која ќе биде констатирана од документацијата за сопственост.

5. Се овластува Генералниот извршен директор на Тутунски Комбинат АД Прилеп во име и за сметка на Друштвото да го склучи и потпише Договорот за долгорочен кредит на износ од ДЕН. 123.000.000,00, со рок на отплата до 17.07.2024 година, да го склучи и потврди пред Нотар Договорот за отстапување на идно побарување по основ на дивиденда со својство на извршна исправа и Солемнизацијата, да го склучи и потпише Нотарски акт за меници со својство на извршност и меничните бланкети акцептирани и трасирани од Друштвото корисник на кредитот врз основа на кој гарантира со целокупниот недвижен и подвижен имот и со сите средства на сметките кај Банките, Изјавата за согласност согласно точка 4 од оваа Одлука, како и сета останата документација потребна за предметната работа пред надлежен нотар.

6. Со донесување на оваа Одлука, се потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на одлуки од страна на Друштвото.
Собранието на акционери потврдува дека оваа зделка е голема зделка согласно ЗТД, со оглед дека вкупното задолжување на Друштвото во Комерцијална банка АД Скопје по основ на Договорот цитиран во т.1 од оваа Одлука и претходно склучените Договор за утврдување на РРКЛ врз основа на заложно право бр. 08-2100-277/1 од 14.11.2017 година со Анекс бр.1 кон Договорот за утврдување на РРКЛ врз основа на заложно право бр. 08-2102-2/218 од 24.09.2019 год. на износ од 4.900.000,00 ЕУР, Договор за одобрување на долгорочен кредит со бр. 08-2102-2/209 од 11.09.2019 год на износ од 1,740,000.00 ЕУР со моментално салдо од 994.360,00 ЕУР и Договор за утврдување на РРКЛ врз основа на заложно право бр.08-2102-2/167 од 04.06.2021 год. на износ од 1.000.000,00 ЕУР, во вкупен износ од ц.ц. 546.663.000,00 денари е зделка над 50% од книговодствената вредност на имотот по последната ревидирана завршна сметка. Собранието на акционери согласно важечките акти за основање на Друштвото и законските одредби потврдува дека нема правни или било какви други пречки за реализрање на конкретната правна работа одобрена согласно оваа Одлука.

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Тутунски Комбинат АД Прилеп
Претседавач
на Собрание на акционери
Зоран Трајкоски

„Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7